Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2020 година

**Скопје, декември 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:10 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 31-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2020 година.**

1. Предлог- одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба

2. Предлог на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S.“ како референтен оператор

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

6. Информација за исплата на пензии за месец декември 2020 година

7. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

8. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 31-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2020 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба (нов текст), во предложениот текст и

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S.“ како референтен оператор и притоа заклучи:

1. Го прифати текстот на Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S.“ како референтен оператор.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев да го потпише Анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ Македонија“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S.“ како референтен оператор.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 4

**1.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за периодот од 20 ноември 2020 година до 19 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за месец декември 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 25 декември 2020 година.

2.Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со декемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 28 декември 2020 година.

3.Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплата да се изврши на 28 декември 2020 година (понеделник);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплата да се изврши на 29 декември 2020 година (вторник);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплата да се изврши на 30 декември 2020 година (среда) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 31 декември 2020 година (четврток).

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Гордана Гапиќ-Димитровска, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Artan Grubi**